Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

-Сектор за управување со човечки ресурси-

Архивски број: 04-12368/7

Датум: 05-12-2025

Врз основа на член 49 став 1 и член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на РСМ“ број 96/19, 110/19 и 121/24) и член 23 став 4 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ“ број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на РСМ“ број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), министерот за финансии донесе

# О Д Л У К А
## за избор на работник по пат на јавен оглас

1. По јавниот оглас број 10/2025 за вработување во Министерството за финансии, објавен во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“ и на веб страната на Министерството за финансии, за работното место **Самостоен референт за канцелариско, архивско и благајничко работење, Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Струмица, Сектор за управна постапка, Управа за имотно правни работи – 1 извршител**, од предложената ранг листа се избира следниот кандидат:

- Имармени Додевска.

2. Избраниот кандидат од точката 1 на оваа одлука ќе заснова работен однос во Министерството за финансии, со потпишување на договор за вработување.

3. Пред склучување на договорот за вработување, избраниот кандидат е должен да достави доказ, односно документација за исполнување на условите за вршење на работата, во оригинал или копија заверена на нотар.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 02.12.2025 година во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“ и на веб страната на Министерството за финансии, беше објавен оглас за вработување во Министерството за финансии, во кој беше објавено работното место **Самостоен референт за канцелариско, архивско и благајничко работење, Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Струмица, Сектор за управна постапка, Управа за имотно правни работи – 1 извршител.**

Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

-Сектор за управување со човечки ресурси-

Во врска со наведениот оглас и работното место, Комисијата за селекција, формирана со Решение бр. 04-12368/4 од 04.12.2025 година, по спроведената постапка за селекција која се состои од административна селекција и интервју, изготви ранг листа на кандидатите за горенаведеното работно место и истата ја достави до министерот за финансии.

Министерот за финансии за горенаведеното работното место изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

Избраниот кандидат од точката 1 на оваа одлука ќе заснова работен однос во Министерството за финансии со потпишување на договор за вработување.

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидатот;
- Архивата на Министерството.

Министер за финансии
м-р Гордана Димитриеска - Кочоска

Изработил: Мислиме Цековиќ
Контролирал: Кимет Куртиши
Лилијана Стојановска
Одобрил: Верица Стоилова
Проверил: Михајло Михајловски
Согласен: д-р Андриана Матлиоска